Јавно претпријатие за комунални дејности
ПЛАВАЈА П.О.
Бр. 0102-163/1
20.02.2025 год.
Радовиш

ЈП „ПЛАВАЈА“ – РАДОВИШ
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ
Ул: „Свети Спасо Радовишки“ бр:32, 2420 Радовиш
ЕДБ: МК4023999108401, Жиро сметка: Тутунска Банка 210052660250146
Телефони: (+389) 032/635-323, Факс: 032/635-201
www.plavaja.com.mk ; plavaja.radovis@gmail.com

# И З В Е Ш Т А Ј

## За реализација на програмата за јавна чистота во 2024 година

Февруари 2025 година

# ВОВЕД

По завршувањето на каландерската 2024 година ЈП Плаваја изготвува извештај за реализација на Програмата за јавна чистота.

Со максимално ангажирање на вработените во Секторот комунална хигиена,гробишта и зеленило а посебно одделениeто за јавна чистота и целото раководство при ЈП „Плаваја“ Радовиш, целосно се реализира Програмата за јавна чистота за 2024 година.

Врз основа на чл.12 од Законот за јавна чистота Сл. весник на РМ бр. 111/08, општина Радовиш изготви програма за Јавна чистота за 2024 година. Оваа програма беше прифатена од страна на советот на општина Радовиш.

Врз основа на ова програма ЈП Плаваја Радовиш беше задолжена да ги реализира активности предвидени во програмата и за реаилизација исто така ЈП Плаваја беше потпомогната од Локалната самоуправа и Градоначалникот на Општина Радовиш и за сработеното по програмата го дава овој извештај.

# ЈАВНА ЧИСТОТА

Според Статутот на ЈП Плаваја Радовиш, Јавна чистота ги опфака следните активности:

1. Подигање и депонирање на смет
2. Метење и миење на јавно прометни површини
3. Одржување на хигиена на Сточно пазариште
4. Одржување на хигиена на Градски Пазар
5. Одржување и планирање на Градска депонија
6. Чистење на Диви депонии

## 1. Подигање и депонирање на смет

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комунален отпад, ЈП Плаваја Радовиш го врши на сите правни и физички лица во град Радовиш, и во другите населени места согласно Одлука за висина на цени на услугите за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш наш бр. 0201-393/1 од 05.07.2019 година и број на Општина Радовиш бр.08-1038/1 од 28.06.2019 година.

Подигањето на сметот се врши со однапред изготвен оперативен план за секој реон т.е. во кој определен ден од неделата се подига сметот.

Општина Радовиш е поделена во четири реони од кој градот Радовиш на три реони и населените места како четврти реон и тоа:

- Во првиот реон е централното градско подрачје и овде сметот се подига четири пати неделно, а на одредени места каде има поставено контејнери, подигањето на сметот од истите се врши секојдневно т.е. седум пати во неделата.
- Во вториот реон сметот се подига еднаш неделно и тоа ги опфака периферните делови во градот. Во овој реон на места каде што има поставено контејнери собирањето на сметот од истите се врши два до три пати во неделата во зависност од исполнетоста на садовите.
- Во третиот реон е опфатена индустриската зона во градот со малото стопанство. Овде сметот се подига повеке пати во неделата према потребите на компаниите а најмалку еднаш неделно.
- Во населените места надвор од градската средина и тоа во селата Ораовица, Подареш, и Ињево собирањето на комуналниот отпад се врши двапати неделно, додека во селата Калугерица, Сулдурци, Којславци, Јаргулица, Покрајчево и Злеово еднаш неделно, освен во летниот период кога има поголема посетеност на овие населени места и за време на празници каде се собира двапати неделно.

Подигањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад се врши со специјални возила за подигање на специјални садови за депонирање на отпад и тоа канти и контејнери, како и со трактори наменети за таа намена.

Подигањето на сметот во град Радовиш се врши на површина од 1.056.805 $м^2$ од физички лица и од 128.730 $м^2$ од правни субјекти како и од 111 садови од по 1,1 $м^3$ зафатнина од правните субјекти. Собирањето и подигањето го вршиме со контењери од 1,1 $м^3$ зафатнина поставени во Централното градско подрачје на повеке локации како и пред сите стамбени згради за колективно домување, а исто така и периферно во градот особено на почеток и крај на течението на Радовишка река , патот накај планината Плачковица, Шаин Маале и други локации каде што има зголемена количина на комунален и друг вид на неопасен отпад. Од граѓанството подигањето и собирањето на отпад го вршиме од сад каков што поседува имателот на услугата (канта за смет, корито, буре и се друго). Во населените места надвор од градската средина собирањето на отпад се врши исклучиво од поставените метални контејнери со зафатнина од 1,1 $м^3$.

Чест проблем кој се случува е што несовесни граѓани ги палат контењерите особено во зимскиот период, или депонират градежен шут и со тоа ги претоваруват контејнерите а со тоа се уништуват тркалата и поклопците како и хидрауликата на специјалните возила, и со тоа така уништените контењери претставуваат грда слика за секој минувач.

Во поглед на типизираните садови, граѓанството почна да користи канти за смет, благодарение на поволноста што им се даваше од страна на ЈП Плаваја за отплата на типизираните канти за отпад на повеке рати.

Во 2019 година беа набавени 1000 пластични канти со капак од 120 лит. кои се специјализирани за депонирање на комунален отпад. Од овие 1000 канти до крајот на 2022 година продадени се сите 1000 броја. Иако овде имавме воведено можност за купување на две канти за селекција на отпад кој ги продававме на 12 рати за поповолна цена, сепак

одзивот од граѓаните за селекција на комуналниот отпад е сеуште многу мал.

Во 2024 година не се набавени нови контејнери поради неможноста да се инвестира, Мегутоа ЈП „Плаваја“ Радовиш ја доби долго очекуваната донација од МЖСПП и тоа 115 броја контејнери од 1.1 $м^3$ и 570 броја канти од 120 л. Контејнерите од 1,1 $м^3$ се распоредија на територијата на општина Радовиш, а малите канти од 120 л дополнително ке бидат распоредени во периодот што следува..

Оние контејнери кој беа распоредени во текот на претходните години истите беа одржувани према условите ,но за жал и овде требе да констатираме дека има доста оштетувања на нејзините тракала,мегутоа веке се набавени резервни тркала ,а за дел од нив истите во наредниот период ке се заменат. .

Вкупен број на контејнери поставени по населените места се:

| Населено место | Вкупно поставени во 2020 год. | Вкупно поставени во 2021 год. | Вкупно поставени во 2022 год. | Вкупно поставени во 2023 год. | Вкупно поставени во 2024 год |
|---|---|---|---|---|---|
| Радовиш | 110 | **127** | **136** | **136** | **153+85** |
| Ињево | 19 | **19** | **26** | **28** | **37** |
| Ораовица | 19 | **19** | **32** | **34** | **34** |
| Подареш | 22 | **22** | **26** | **28** | **28** |
| Јаргулица | 11 | **11** | **15** | **16** | **16** |
| Покрајчево | 6 | **6** | **10** | **10** | **10** |
| Злеово | 16 | **16** | **21** | **23** | **23** |
| Калугерица | 16 | **16** | **17** | **20** | **22** |
| Сулдурци | 6 | **6** | **8** | **8** | **8** |
| Војславци | 7 | **7** | **14** | **14** | **14** |
| Бучим | 3 | **3** | **4** | **0** | **0** |
| Тополница | 4 | **4** | **4** | **0** | **0** |
| Вкупно поставени контејнери | 242 | **259** | **317** | **321** | **430** |

Од табелата се гледа дека во 2024 година во повеќето населени места бројот на контејнери е зголемен во однос на 2023 година.

Во 2024 година ЈП Плаваја вршеше вонредно исфрлање на смет од населението (стари кревети шпориња и друго) континуирано пет дена во неделата од Понеделник до Петок. Во 2024 година се исфрлени над 800 тракторски приколици смет од кабаст и друг неопасен отпад. За оваа активност одзивот од граганството е голем но на терен појавата на диви депонии за жал можеме да констатираме дека многу малку е намалена.

Годишно на територијата на Радовиш се подига и депонира околу 25 000 м$^3$ комунален отпад и околу 2500 м$^3$ шут и друг отпад, од вонредното собирање.

Од територијата на Радовиш од поставените 15 специјални садови за депонирање на стаклена амбалажа во 2024 година се собрени околу 45 тони стакло.

Мораме да забележиме дека поради економско – енергетската криза, активностите ги извршувавме со намален интензитет се со цел да можеме да ги намалеме оперативните трошоци, а да не трпи квалитетот на работењето, а со тоа граѓаните во текот на цела 2024 година ја добиваа услугата навремено и квалитетно.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНАТА КОЛИЧИНА ВО м$^3$ НА СМЕТ СОБЕРЕНИ ТРАНСПОРТИРАНИ И ДЕПОНИРАНИ ВО 2023 ГОДИНА**

| Месец | Отпад м$^3$ / месец | Отпад м$^3$ / дневно |
|---|---|---|
| Јануари | 2094 м$^3$/месец | 67,55 м$^3$/ден |
| Февруари | 1903 м$^3$/месец | 65,62 м$^3$/ден |
| Март | 2076 м$^3$/месец | 66,97 м$^3$/ден |
| Април | 1942 м$^3$/месец | 64,73 м$^3$/ден |
| Мај | 2166 м$^3$/месец | 69,87 м$^3$/ден |
| Јуни | 1930 м$^3$/месец | 64,33 м$^3$/ден |
| Јули | 2104 м$^3$/месец | 67,87 м$^3$/ден |
| Август | 2057 м$^3$/месец | 66,35 м$^3$/ден |
| Септември | 1977 м$^3$/месец | 65,90 м$^3$/ден |
| Октомври | 2402 м$^3$/месец | 77,48 м$^3$/ден |
| Ноември | 2065 м$^3$/месец | 68,83 м$^3$/ден |
| Декември | 2065 м$^3$/месец | 66,61 м$^3$/ден |
| **Вкупно за 2020 година** | **24 781 м$^3$/год** | |

Во 2024 година на градската депонија е депонирано 24 781 м$^3$ отпад кој е соберен од територијата на Радовиш и сите населени места каде има поставено садови за собирање на комунален отпад.

Постои зголемување на отпадот во 2024 во однос на 2022,2023 година поради превземената обврска на подигање,транспортирање и депонирање на отпад од сите населени места на територијата на општина Радовиш и создадените навики на населението каде најголем дел од отпадот го депонира на места што се за таа намена.

Особено мора да се констатира дека расходите во 2024 година се зголемени поради покачената цена на репроматрејалите и нафтените деривати како и покачувањето на

минималната плата и платата на сите вработени ,поради потпишувањето на колективен договор со синдикатот за 10 %..

Покрај редовните тековни активности на собирање на смет, се изврши и чистење на повеќе диви депонии како на територијата на град Радовиш така и на територијата на населените места каде што се отпочнува организирано собирање на комунален отпад. Во повеке наврати е чистено дивото одлагање на отпад од несовесни граѓани по патот кој води до планината Плачковица.

Исчистена е дива депонија во два наврата на стариот пат за с. Војславци. Патот кој води према градската депонија. Патот кон с. Ораовица. Исчистено е речното корито на радовишка Река во горна и долна зона под Голдмак од гранки, наноси и депониран шут. Исчистени се канафките на магистралниот пат на потегот од клучка кај Јован Петрол до дисконтот Маком Маја.

Самоиницијативно се со цел за зачувување на животната средина поставени се 8 броја на контејнери од 1,1 $м^3$ на локации на планината Плачковица, каде има најголема фреквенција на луге по викенд населбите и истите на 15 дена беа редовно собирани. Со овој чекор се придонесе да се зачува планината Плачковица од загадување и со тоа на овие излетнички места им се дава една друга позитивна слика каде го нема веке расфрлено отпадот по долови, околу јавни чешми за вода и слично.

ЈП Плаваја има организирано и селекција на отпад од стакло за кој што има склучено договор со ПАКОМАК Скопје. На 15 локации во градот се поставени специјални садови за собирање на стакло во соработка со фирмата ПАКОМАК и овде требе да напоменеме дека одлично функционира и сме лидери во регионот на количина на соберено стакло а исто така и чистотата во самите садови. Во 2024 година од Радовиш е соберено околу 45 тони стакло.

За селекција на електронски и електричен отпад кој што се собира и се депонира во специјален бокс за електричен и електронски отпад сместен во стопанскиот круг на ЈП Плаваја и така соберанiот електричен и електронски отпад се предава на фирмата ЕЛКОЛЕКТ Скопје со која што општина Радовиш и ЈП Плаваја имат склучено договор.Во 2023 година од страна на општина Радовиш и ЈП Плаваја беше склучен договор со постапувач на електричен и електронски отпад ЕКОЕЛЕКТРОН кој во моментот имат поставено 4(четири) собирни места во централното подрачје во Радовиш , овој тренд на поставување на дополнителен број на специјални садови за собирање на електричен и електронски отпад ке продолжи и во 2024 година.Во врска со селекцијата на отпад ЈП Плаваја во 2023 година изврши обележување на дел од поставените садови за собирање на отпад од хартија и пластика , а исто така се планира да се набави и дополнителни контејнери за селектиран отпад за пластика и хартија. Што се однесува до селекцијата на отпад во кругот на ЈП има поставено бокс за собирање на електронски и електричен отпад во соработка со општина Радовиш и фирмата ЕЛКОЛЕКТ но за жал мора да констатираме дека одзивот од граѓаните е мал.

Врз основа на измената и дополнувањето на програмата за управување со отпад на територијата на општинба Радовиш за 2024 година, во примена е и следниот ***шематски приказ*** за собирни места за собирање и транспортирање на комуналниот и друг вид неопасен отпад како и електричен и електронски отпад и отпад од стаклена амбалажа на територијата на Општина Радовиш.

Ви согласност со член 61 став 2 од Законот за управување со отпад, подрачјата начините и фреквенцијата на собирање на комунален отпад на подрачјето на општина Радовиш се одвиваа согласно програмата за управување со отпад и програмата за работа на ЈП Плаваја Радовиш.

| Улица | Опис на локацијата | Садови за комунален отпад (Метални) | Садови за собирање на пластика и хартија (Пластични) | Садови за електричен и електронски отпад | Садови за собирање на отпад од стакло |
|---|---|---|---|---|---|
| „Кеј 8-ми Септември“ Лева страна | | | | | |
| | Прв мост /стариот „Градски Базен“ | 2 | 2 | | 1 |
| | ООУ „Никола Карев“ | 2 | 2 | 1 | |
| | спроти ООУ„ Никола Карев“ | 1 | 2 | | |
| | Ресторан „Брацо“ | 1 | 2 | | |
| | Кебапчилница „ТЕМОВИ“ | 1 | 2 | | |
| | ОСУ „Коста Сусинов“ | 2 | 2 | 1 | |
| | СРЦ „25-ти Мај“ | 1 | | | |
| „Кеј 8-ми Септември“ Десна страна | | | | | |
| | стариот „Градски базен“ (кај Осата) | 1 | 2 | | |
| | Стоматалошка ординација „Спасе Велков“ | 1 | 2 | | |
| | „Римски мост“ или Стара автобуска станица | 2 | 2 | | |
| | „Македонски пошти“ (Супермаркет КИТ-ГО) | 2 | 2 | | |
| | Градски пазар | 1 | 2 | | |
| | Месара „ВЧЕ“ | 1 | 2 | | |
| | Златара „Голдмак“ | 1 | | | 1 |
| „22-ри Октомври“ | | | | | |
| | Стоковна куќа (Градска кука „Рада“) | 4 | 4 | 2 | |
| | Казино „Адмирал“ | 2 | 2 | | |
| Бул. „Александар Македонски“ | | | | | 3 |
| | ООУ „Крсте Петков Мисирков“ | 2 | 4 | 1 | |
| | Зграда „Лепа Лана“ | 1 | 2 | | |
| | Општина Радовиш | | 3 | 1 | |
| | Тобако „Јаков“ | 1 | 2 | | |
| | Прва зграда (кај Габи) | 1 | 2 | | |
| | „КИД-ГО“ | 1 | 2 | | |
| | Кафич „Рута 66“ | 1 | 1 | 1 | |
| | Стоматалошка Ординација „Ксенија“ | 1 | 2 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Зграда „6-ти Ноември“ | 2 | 2 | 1 | |
| | Бензинска станица „Лукоил“ | 2 | | | |
| | „Кам Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Бензинска станица „Макпетрол“ | 1 | | | |
| | Фабрика „Метал Промет“ | 3 | | | |
| | Стовариште „Петров“ | 1 | | | |
| | Сервис ,,Канлија“ | 1 | | | |
| | Сервис „Гошо Самаров„ | 1 | | | |
| | Работилница „Ковачите“ | 2 | | | |
| | Специјалистичка Ординација „ДР Петре“ | 1 | 2 | | |
| | Продавница „Електромеханика“ (приватен) | 1 | | | |
| | Продавница „Сетек“ (приватен) | 1 | | | |
| | Сервис „Веготранс“ - ГОНО | 1 | | | |
| | Работилница „РОЛО-ИНГ“ (Игор) | 1 | | | |
| | Стовариште „Валентина промет“ (сопствен) | 1 | | | |
| | Паркинг на Автобуска станица Радовиш | 2 | 2 | | |
| | Пречистителна станица – ПСОВ Радовиш | 3 | | | |
| | Кружен тек спроти кафич „Галактик“ | 1 | 2 | | |
| | Зграда „Лепа Брена“ | 2 | 2 | | |
| | Кружен тек (Детска градинка „ Цветови“) | 2 | 2 | | |
| | Млекара „ПОД СОНЦЕ“ | 1 | | | |
| „Св.Спасо Радовишки“ | | | | | 2 |
| | „Парк на Младите“ | 2 | 2 | 1 | |
| | Аптека „Зегин“ | 3 | | | |
| | Ресторан „Амбасадор“ | 1 | 1 | | |
| | ЈП „Плаваја„ | 1 | | | |
| | Ресторан „ГРИНС“ (приватен) | 1 | | 1 | |
| | Ресторан „ДАЈМОНД“ | 2 | | | |
| | Работилница „ДЕЛЕГА“ | 1 | | | |
| | Конфекција „ДЕКОРТЕКС“ | 1 | | | |
| | Конфекција „ШТИПТЕКС“ | 2 | | | |
| | Ресторан „ЛЕОНАЛУКС“ | 3 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Супер маркет „Црвена Ружа“ | 1 | 2 | | |
| | Шпедиција „ЗИГО-ШПЕД“ | 1 | | | |
| | Бензинска станица „Јован Петрол“ | 4 | | | |
| „Самоилова“ | | | | | 1 |
| | МВР „Полициска станица Радовиш“ | 3 | 2 | | |
| | Супермаркет „Стокомак“ | 1 | | | |
| | Пред станбените згради | 3 | 4 | | |
| | Раскрсницата кај „Македонски Шуми“ | 1 | | | |
| „Илија Алексов“ | | | | | 2 |
| | Стаклар „Гошо Панде“ | 1 | | | |
| | „Теодора Маркет“ | 1 | 2 | | |
| | Градоначалник Ацо Ристов | | 2 | | |
| | Старечки дом „Астреон“ | 2 | | | |
| | Мост „Раклишка река“ населба Раклиш | 2 | 2 | | 1 |
| | Гробишта Раклиш | 1 | | | |
| „1-ВИ МАЈ“ | | | | | |
| | „Електротехнички Факултет“ Радовиш | 2 | 2 | | |
| | Детска градинка„Ацо Караманов“ позади судот | 1 | 2 | | |
| „Чеде Филиповски - Даме “ | | | | | |
| | Водостопанство„Радовишкополе“ (Мантово) | 2 | | | |
| | ЈП „Македонски шуми“ | 1 | | | 3 |
| „Плачковица“ | | | | | |
| | Кај Ананија Илиев | 2 | | | |
| | Минаре „Џамија“ | 2 | | | |
| | „Микрон“ или „30-ти Март“ | 2 | | | |
| | Во кругот „30-ти Март„ (приватен) | 1 | | | |
| | Раскрсницата - Бозгел | 3 | | | |
| | | | | | |
| „Индустрија“ | | | | | |
| | „Алфаинжинеринг“ (приватни) | 14 | | | |
| | „Трговинжинеринг“ (приватен) | 1 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Шпедиција „Сабринатранс“ (приватен) | 1 | | | |
| | Работилница „ЕВРОДОМ“ (Ињевски пат) | 1 | | | |
| | Стовараште за дрва„Георгина“ Ињевски пат | 1 | | | |
| | Стовариште за дрва „РИСТЕ“ Ињевски пат | 1 | | | |
| | Шпедиција „ЕЛМАТРАНС“ | 1 | | | |
| | Шпедиција „ФИ-ПРОМЕТ“ | 1 | | | |
| | Дисконт „МАКОМ ТРЕФ“ | 1 | | | |
| | Работилница „СИМПЛ-М“ | 1 | | | |
| | ГП „Градба Т“ „Живко и Светлана“ | 1 | | | |
| | Технички преглед „Сигурност“ Струмички | 1 | | | |
| „Калузлиска“ | | 4 | | | |
| „Шаин Маале“ | | 5 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| с.Ораовица | | 34 | | | |
| с.Подареш | | 28 | | | |
| с.Јаргулица | | 16 | | | |
| с.Покрајчево | | 10 | | | |
| с.Злеово | | 23 | | | |
| с.Ињево | | 38 | | | |
| | ООУ „Орце Николов“ Ињево | | 2 | | |
| с.Војславци | | 14 | | | |
| с.Сулдурци | | 8 | | | |
| с.Калугерица | | 22 | | | |
| м.в.Стопанството | | 1 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Планина „Плачковица“ | | 8 | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

## 1. Метење на јавни површини:

| Метење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ред. Бр. | Опис | Површина во $м^2$ | Број на реализирани циклуси | Број на предвидени циклуси | Разлика од планираното |
| **I** | **ЗОНА** | **Трипати неделно** | | | |
| 1 | Бул. Александар Македонски | 19200 | 152 | 162 | -10 |
| 2 | Кеј 8 ми Септември | 6400 | 152 | 162 | -10 |
| 3 | Св. Спасо радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 152 | 162 | -10 |
| 4 | Ул. 22 ри Октомври | 4040 | 153 | 162 | -9 |
| 5 | Ул. Партизанска (дел) | 500 | 152 | 162 | -10 |
| 6 | Ул. Самуилова | 600 | 152 | 162 | -10 |
| 7 | Ул. Илинденска | 400 | 151 | 162 | -11 |
| 8 | Ул. Блаже Конески | 400 | 148 | 162 | -14 |
| 9 | Ул. Коста Сусинов | 500 | 148 | 162 | -14 |
| 10 | Ул. 15 ти Корпус | 300 | 148 | 162 | -14 |
| 11 | Ул. 1 ви Мај | 800 | 148 | 162 | -14 |
| **Метење на јавни површини** | | | | | |
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Површина во $м^2$** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **II** | **ЗОНА** | **Еднаш неделно** | | | |
| 1 | Ул. Илија Алексов | 900 | 48 | 54 | -6 |
| 2 | Ул. Плачковица | 5400 | 47 | 54 | -7 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 48 | 54 | -6 |
| 4 | Ул. Шаин Маале | 300 | 47 | 54 | -7 |
| 5 | Ул. Ана Поцкова | 550 | 47 | 54 | -7 |
| 6 | Ул. Мирче Ацев | 300 | 48 | 54 | -6 |
| **Метење на јавни површини** | | | | | |
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Површина во $м^2$** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **III** | **ЗОНА** | **Еднаш месечно** | | | |
| 1 | Ул. Ѓорче Петров | 2800 | 9 | 12 | -3 |
| 2 | Ул. Вардарска | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 3 | Ул.Егејска | 1000 | 9 | 12 | -3 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Ул. Исарот | 400 | 9 | 12 | -3 |
| 5 | Ул. 11 тиОктомври | 300 | 9 | 12 | -3 |
| 6 | с. Раклиш | 1000 | 9 | 12 | -3 |
| 7 | с. Ораовица | 6000 | 9 | 12 | -3 |
| 8 | с.Подареш | 6000 | 9 | 12 | -3 |
| 9 | с. Јаргулица | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 10 | с. Покрајчево | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 11 | с. Злеово | 3000 | 9 | 12 | -3 |
| 12 | с. Ињево | 4000 | 9 | 12 | -3 |
| 13 | с. Војславци | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 14 | с. Калугерица | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 15 | с. Сулдурци | 1000 | 9 | 12 | -3 |
| 16 | с. Дамјан | 1000 | 4 | 12 | -8 |

## 2. Миење на јавни површини:

| Миење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Површина во м²** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **I** | **ЗОНА** | **Трипати неделно** | | | |
| 1 | Бул. Александар Македонски | 3200 | 92 | 162 | -70 |
| 2 | Кеј 8 ми Септември | 3200 | 95 | 162 | -70 |
| 3 | Св. Спасо радовишки до дневен центар Порака | 4560 | 92 | 162 | -70 |
| 4 | Ул. 22 ри Октомври | 3470 | 92 | 162 | -70 |
| 5 | Ул. Партизанска (дел) | 250 | 92 | 162 | -70 |
| 6 | Ул. Самуилова | 300 | 80 | 162 | -82 |
| 7 | Ул. Илинденска | 200 | 80 | 162 | -82 |
| 8 | Ул. Блаже Конески | 200 | 80 | 162 | -82 |
| 9 | Ул. Коста Сусинов | 250 | 80 | 162 | -82 |
| 10 | Ул. 15 ти Корпус | 300 | 80 | 162 | -82 |
| 11 | Ул. 1 ви Мај | 400 | 80 | 162 | -82 |

| Миење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Површина во м²** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **II** | **ЗОНА** | **Еднаш неделно** | | | |
| 1 | Ул. Илија Алексов | 450 | 37 | 54 | -17 |
| 2 | Ул. Плачковица | 2700 | 20 | 54 | -34 |
| 3 | Ул.Гоце Делчев | 650 | 18 | 54 | -36 |
| 4 | Ул. Шаин Маале | 300 | 23 | 54 | -31 |
| 5 | Ул. Ана Поцкова | 550 | 18 | 54 | -36 |
| 6 | Ул. Мирче Ацев | 300 | 18 | 54 | -36 |

| Миење на јавни површини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Површина во м²** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **III** | **ЗОНА** | **Еднаш месечно** | | | |
| 1 | Ул. Ѓорче Петров | 1400 | 9 | 12 | -4 |
| 2 | Ул. Вардарска | 1000 | 9 | 12 | -4 |
| 3 | Ул.Егејска | 500 | 9 | 12 | -4 |
| 4 | Ул. Исарот | 200 | 9 | 12 | -4 |
| 5 | Ул. 11 тиОктомври | 300 | 9 | 12 | -4 |
| 6 | с. Раклиш | 500 | 9 | 12 | -4 |
| 7 | с. Ораовица | 3000 | 9 | 12 | -4 |
| 8 | с.Подареш | 3000 | 6 | 12 | -6 |
| 9 | с. Јаргулица | 1000 | 4 | 12 | -8 |
| 10 | с. Покрајчево | 1000 | 4 | 12 | -8 |
| 11 | с. Злеово | 1500 | 4 | 12 | -8 |
| 12 | с. Ињево | 2000 | 9 | 12 | -3 |
| 13 | с. Војславци | 1000 | 8 | 12 | -4 |
| 14 | с. Калугерица | 1000 | 4 | 12 | -8 |
| 15 | с. Сулдурци | 500 | 5 | 12 | -7 |
| 16 | с. Дамјан | 500 | 3 | 12 | -9 |

**3. Собирање на смет:**

| Собирање на смет и чистење на диви депонии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **ред. Бр.** | **Опис** | **Единечна мера** | **Број на реализирани циклуси** | **Број на предвидени циклуси** | **Разлика од планираното** |
| **I** | **ЗОНА** | | | | |
| 1 | Собирање на смет | бр. | 691 | 700 | -9 |
| 2 | Машинско Чистење на диви депонии | час | | | |
| 3 | Багер утоварач | час | 111 | 100 | 11 |
| 4 | Камион Кипер | час | 121 | 100 | 21 |

## Одржување на јавна чистота

Активностите превземени за одржување на јавна чистота на подрачјето на општина Радовиш за 2024 год. ги дефинира обемот, динамиката, начинот на вршење на потребните активности, потребниот број вработени и начинот на нивно финансирање. Одржување на јавна чистота подразбира чистење (метење и миење) на јавните сообраќајни површини и е во зависност од:

- Густината на населението
- Фрекфенција на луѓе и моторни возила
- Степен на нечистотија
- Степен на пречки (паркирани возила, објекти и друго)
- Инфрастуктурните сообраќајни услови
- Делување на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота се состоеше од:

- Рачно метење и машинско метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени со законот за јавна чистота.
- Празнење на уличните корпи за отпад кои се поставени во поширокото централно градско подрачје, булеварот Александар Македонски и градскиот парк.
- Одржување на јавни површини во зимски услови.
- Расчистување на диви депонии.
- Отстранување на атмосферски наноси.

Периодот на одржување е поделен на летен период од 01.04 до 31.10 со времетраење од 7 месеци со 214 работни дена во кој се земени сите денови во неделите и сите државен празници, и зимски период од 01.11 до 31.03 со време од 5 месеци или 151 работни дена во кои исто така се земени во предвид сите денови во неделите и државените празници.

Динамиката на чистењето беше организирана според три категории на чистење на јавни прометни површини и тоа:

Одржувањето на гореспоменатите улици во трите зони се врши рачно на класичен начин со рачна количка, лопата и метла и со помош на специјално возило за метење на улици.

Имајќи ја предвид структурата на населението, кое во најголем дел се занимава со земјоделие, одредени периоди од годината (особено пролетниот и есенскиот, кога земјоделците се најактивни) некои улици изгледаат како да не се одржуваат.

Голем проблем претставуваат и пристапните патишта од полето кон градот, при што на коловозите се остава големи количини на земја, измет и друго.

По секое невреме улиците во градот се со големи наноси од песок, тиња и земја, што претставува голем проблем за брзо нивно отстранување.

**Миење на улиците**

За миење и дезинфекција на улиците во општина Радовиш на претпријатието му е потребна нова авто цистерна со капацитет од 8 $м^3$ со што многу ќе се подобри чистотата на улиците особено во летниот период. Во 2024 година од април до Јуни перењето на улиците беше изведено со одреден интензитет,а кога имаше врнежи од дожд дел се переа и истите се чистеа од наноси на кал и песок.

*****Овде требе да напоменеме дека е потребно да се набави нова автоцистерна која покрај миење ке врши и дезинфекција на улиците.**

**Повремени работи**

Повремените работни активности се извршуваат по налог на ЕЛС за вонредно чистење на одредени улици поради верски празници, јавни манифестации и други настани кои не се составен дел од програмата.

**Одвоз на сметот при метењето**

За одвозот на сметот од улиците по оваа основа што се опфатени со програмата за одржување на прва, втора и трета зона се користат специјалните комунални возила (ѓубрарки и трактори) кои исто така се користат редовно за истовар на смет од домаќинствата. Во работни денови за потребите на јавна чистота и по пријава на совесни граѓани за фрлање на кабаст отпад се интервенира со трактор со приколка и најмалку еден работник со што во 2024 година е соберено и транспортирано до градската депонија повеке од 800 тракторски тури со отпад.

**Чистење на диви депонии**

Физичкиот обем на работите и локалитетите на дивите депонии се определуваат според согледувањето на терен од страна на секторот за урбанизам и комунални работи при ЕЛС. При расчистување на дивите депонии се користат товарни возила и градежни машини (камион кипер, трактор и универзален ровокопач-утоварувач).Во 2024 година машинеријата беше ангажирана повеке од 110 работни саати за расчистување на диви депонии на повеке локации. Во повеке наврати е чистено дивото одлагање на отпад од несовесни граѓани по патот кој води до планината Плачковица. Исчистена е дива депонија во два наврата на стариот пат

за с. Војславци. Патот кој води према градската депонија. Патот кон с. Ораовица. Чистено е во речното корито на радовишка Река во горна и долна зона под Голдмак од гранки, наноси и депониран шут. Исчистена е дива депонија над село Ињево од депониран отпад и шут. Исчистени се канафките на магистралниот пат на потегот од клучка кај Јован Петрол до дисконтот Маком Маја.

За жал мора да констатираме дека обновувањето на дел од расчистените депонии се одвива брзо. Требе да напоменеме дека во намалувањето на створените диви депонии како и појавата на нови значајна улога има и локалниот инспекторатот за комунални дејности што со нивната поголема активност на теренот ке придонесат на намалување на истите, а стварателите ке бидат казнети согласно законот.

## Зимско одржување на улиците и тротоарите

Подрачјето на општина Радовиш е под влијание на изменета континентална клима со влијание на медитеранска клима, што овозможува релативни благи зими и со мали врнежи од снег, а сето тоа трае два месеци во годината.

Согласно одлуката за Јавна чистота во општина Радовиш донесена од страна на Советот на општина Радовиш, правните и физичките лица се должни да го исчистат снегот и мразот од тротоарите, или до половина на улиците.

Контролата на реализацијата на овие должности го врши комуналната инспекција при локалната самоуправа.

Во случај на поголеми врнежи од снег одржувањето на улиците и тротоарите, ЈП Плаваја и локалната самоуправа го регулираат со посебен договор кој договор беше склучен за 2023/2024 година и по истиот се постапи соодветно за што е изработена и посебна ситуација за завршени работи.

## Превентивни мерки на заштита

Со цел да се намалат опасностите од евентуални незгоди во зимскиот период ЈП Плаваја ги превзема сладните превентивни мерки и заштита:

- Потребна работна сила и механизација за расчистување на тротоарите и улиците
- Ја утврдува потребната количина на сол и песок за посипување
- Го утврдува начинот на ангажирањето на работната сила и активирањето на механизацијата
- Го утврдува приоритетот на чистење на улиците во заедничка соработка со МВР и ЕЛС.

I. Времетраење и степен на приправност

Времетраењето на приправноста беше од 01.01.2024 до 31.03.2024 година.
Во овој период со посебна наредба беа на располагање:

1. Два возачи на трактор.
2. Два општи работници.
3. Еден возач на универзална машина скип.

Продолжувањето на времетраењето на приправноста се врши по потреба во зависност од временските услови, а сето тоа усогласено со надлежните служби при ЕЛС и МВР.

II. Преглед на улици и места за интервенција по приоритет

1. Ул.Булевар Александар Македонски се до преминот со улица Ѓорче Петров.
2. Ул.8 ми Септември
3. Ул. 22 Октомври
4. Ул. Св Спасо Радовишки
5. Ул. Коста Сусинов
6. Ул. 15ти Корпус
7. Ул. Чедо Филиповски Даме
8. Ул. Самуилова
9. Влезовите пред следните институции:
    - Детски градинки
    - Здравствен дом
    - Основен суд
    - Управа на ЕЛС
    - Стопанска Банка
    - Пристап до МВР
10. Сите угорници што ги има град Радовиш

III. Ангажирање на работна рака и механизација

Ангажирана механизација:

- Универзална машина Скип 1 број.
- Мерцедес кипер 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол со плуг 1 број.
- Трактор за машинско растурање на сол 1 број.

Чистењето на тротоарите од снег го вршат работниците кои работат на програмата за одржување на јавната чистота и одржувањето на зеленилото.

Списоците на возачи и работници се изготвени од страна на Стручните служби во ЈП Плаваја и беа доставени до ЕЛС и ОВР Радовиш.

Во 2024 година немаше пообилни врнежи од снег, но сепак на итака малиот обем на врнежите, се одговори со сите расположиви средства и луге и со тоа со задоволство можеме да констатираме дека успешно одговоривме на зададените задачи

Може да констатираме дека по програмата за Јавна чистота во 2024 година по обем имаме реализација од 99,99 %  што значи дека програмата за јавна чистота за 2023 година е во целост исполнета.

**Овде мора да потенцираме дека во 2024 година не бевме во можност за зголемување на бројот на вработените како и инвестирање во соодветна нова опрема за одржување на јавната чистота на определените јавни површини во програмата од причини што приходите се толку да со покачувањето на платата и цените на репроматеријалите планираниот приход не го покрива тековниот расход за плати и потребни матрејали за работа.**

Извештајот за остварениот приход и реализираниот расход по програмата е даден во финансовиот извештај за работа за 2024 година.

Радовиш
17.02.2025 година

Раководител на Сектор за развој и инвестиции
Драги Миленков

**ЈП „Плаваја" Радовиш**
**Директор**
**Гоце Дединец**